**Изложба “100 раритети на руската државност”** “100 раритети на руската државност” е изложбата што е отворена во изложбениот салон, Се работи за у
никатна збирка на документи,
претставени на 36 паноа,
кои г
и
отсликуваат најзначајните периоди на историја
та
на Русија за повеќе од илјада години
, поточно од 11 до 21 век.

{AG}100r{/AG}

Изложбата
ја отворија Рубинчо Белчески, директор на ЦК„Марко Цепенков“, Н.Е. Сергеј Баздникин - амбасадор на Руската федерација во земјата и Илија Јованоски, градоначалник на општина Прилеп.

Посетителите имаат можност до 27 февруари да се запознаат со документарните раритети на Русија, како што е настарата руска ракописна книга „Остромирово Евангелие“, првиот руски законик „ Руска правда“, Родословот на московските кнезови од 17 век, документи потпишани од Ленин и Сталин, документите за формирањето на СССР и неговото прекинување, се до Федералниот уставен закон од март 2014 година за прифаќање на Република Крим и градот Севастопол во состав на Руската федерација.

Изложбата Центарот ја реализира со Амбасадата на Руската федерација во рамките на добрата соработка која трае долги години.